Република Северна Македонија
Општина Штип
УП1Бр. 18/26-41
20.08.2026
Ш т и п

До: Државни институции, установи и правни лица кои вршат јавни овластувања односно работи кои се инволвирани во урбанистичкото планирање

ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА ПО ИЗГОТВЕН ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од четврт СЕ 02.02 од ГУП на град Штип (плански опфат: ул. „Брегалничка“ и новопланирани улици од ДУП за нас. Балканска)

Почитувани,

Согласно Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), член 29, член 50, Ве известуваме за одржување на јавна анкета и јавна презентација изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од четврт СЕ 02.02 од ГУП на град Штип (плански опфат: ул. „Брегалничка“ и новопланирани улици од ДУП за нас. Балканска). Опфатот е со површина од 3,7ха. Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање Јавната анкета и јавната презентација ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од четврт СЕ 02.02 од ГУП на град Штип (плански опфат: ул. „Брегалничка“ и новопланирани улици од ДУП за нас. Балканска) ќе се спроведе со излагање на Деталниот урбанистички план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 10 септември 2026 (четврток) до 9 октомври 2026 год (петок), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 24 септември (четврток) 2026 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

Изработил:
Драгана Штерјова, диа
Контролирал: Раководител на одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина: Дипл.инж.арх. Душица Узунова
Одобрил: Секретар на Општина Штип
Вишна Шорова-Ангелова

ОПШТИНА ШТИП
Градоначалник
Иван Јорданов